**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КНИЖЕВНОСТ ЗА ДЕЦА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1902-43/12 од 29.1.2018 год. донесена на 166. редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 29.1.2018 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник од наставно-научната област *книжевност за деца* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во состав:

- проф. д-р Блаже Китанов, редовен професор на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, претседател;
- проф. д-р Јордан Стојаноски, редовен професор во пензија, Педагошки факултет при Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола, член;
- проф. д-р Васил Тоциновски, редовен професор во пензија, Институт за македонска литература, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“ на 18 декември 2017 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката проф. д-р Јованка Денкова - доктор по филолошки науки, вработена како вонреден професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Врз основа на приложената документација, на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Проф. д-р Јованка Денкова** е родена на 20 јуни 1974 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование. Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при УКИМ - Скопје, на групата Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик.

Во октомври 2005 година магистрира на групата Македонска книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ и се стекнува со звање магистер по филолошки науки. Магистрира на тема „Чудесното и реалистичното во прозата на Глигор Поповски“.

Во јули 2008 година со одбрана на докторска дисертација на тема „Фантастиката и научната фантастика во современата македонска проза за деца и младина“, на групата Македонска книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, се стекнува со звање доктор по филолошки науки.

Во периодот од 2000 до 2007 година работи како професор по македонски јазик и литература во основни и во средни училишта во Штип.

Од 2008 година работи на Филолошкиот факултет при УГД, од неговото основање, како наставник по повеќе предмети: Народна книжевност, Македонска книжевност во 19 век, Средновековна книжевност, Книжевност за деца и Македонска книжевност од 15 до 18 век, Историја на македонската култура и цивилизација, Европска цивилизација и Светска книжевност.

Во звањето доцент по филолошки науки е избрана во 2008 година. Во периодот 2009-2012 година работи како продекан за настава на Филолошкиот факултет. Од 2012 до 2015 година е декан на Филолошкиот факултет при УГД, Штип.

За вонреден професор од областа книжевност за деца е избрана во јуни 2013 година.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

**Вонреден професор од научната област во која се избира:** д-р Јованка Денкова е избрана во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научн**ата област книжевност за деца на 19.6.2013 година**, со Одлука бр. 2402-96/14 на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во Универзитетскиот билтен бр. 103 од 3.6.2013 година (Одлука од ННС на Филолошки факултет, бр. 2402-96/13, одржана на 19.6.2013 година, Универзитетски билтен бр. 103 од 3.6.2013 година)

**Објавени најмалку шест научноистражувачки труда во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Јованка Денкова | Racial, social, national, cultural, religious and gender stereotypes in Macedonian literature for children, their social context and their aesthetic function | Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 12 (23), 2014, pp. 42-56. ISSN 1857-5935, 2014 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10641<br>XII |
| 2 | Јованка Денкова | The travelogue as a literary genre in children`s prose works “Pisma od Africa” by Vidoe Podgorec. | Teacher, International Journal of Education, 6. pp. 21-27. ISSN 1857-8888, 2014 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11258<br>XIII |
| 3 | Јованка Денкова | Autobiographical discourse in some novels from Macedonian literature for children and youth | Hikmet, Journal of Scientific Research, 12 (24). pp. 58-68. ISSN 1857-5935, 2014 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11902<br>XII |
| 4 | Јованка Денкова | The epistolarity as a genre in the modern Macedonian literature for children (“Shareni pisma” Coloured letters by Violeta Tancheva-Zlateva). | Horisons, 2015, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, 11 (17). pp. 177-186. ISSN 1857-9884, 2015 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14284<br>XI |
| 5 | Јованка Денкова | Автобиографскиот дискурс во Автобиографијата на Григор Прличев | Филолошки студии (том 1). pp. 46-53. ISSN 18576060, 2014 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11748<br>XV |
| 6 | Јованка Денкова | The autobiographical discourse in Autobiography by Marko Cepenkov | Facta Universitatis, Series: Linguistics and Literature, 13 (1). pp. 21-27. ISSN 2406-0518, 2015 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13967<br>XXVI |
| 7 | Јованка Денкова | Loneliness as a key element in adolescence | Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 14 (27). pp. 38-49. ISSN 1857-5935, 2016 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16334<br>XII |
| 8 | Јованка Денкова | A new Macedonian novel about a young and growing | Teacher, International Journal of Education, 11 (1). pp. 50-54. ISSN 1857-8888, 2016 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15899<br>XIII |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 9 | Јованка Денкова | Young adult dealing with serious and incurable diseases displayed throuh novel "Green horoscope" by Tome Bogdanovski | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 13.3. pp. 343-348. ISSN 1857-923X, 2016 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16269 VIII |
| 10 | Јованка Денкова | The theme od death in literature for children and youth. | Teacher, International Journal of Education, 13 (1). pp. 6-11. ISSN 1857-8888, 2017 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17681 XIII |
| 11 | Јованка Денкова | Some thoughts about humor in education and literature | Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 17 (4). pp. 1533-1538. ISSN 1857-92, 2017 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18152 VIII |
| 12 | Јованка Денкова | Turkish words in the longest Macedonian folk story Siljan Stork | Bal-Tam Türklük Bilgisi (24). pp. 165-174. ISSN 1452-2179, 2016 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16182 XII |
| 13 | Јованка Денкова | Picture books of Jalvach Ural. | Bal-Tam Türklük Bilgisi, XII (26). pp. 133-143. ISSN 1452-2179, 2017 | http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18177 XII |

**Издаден универзитетски учебник, научна книга и објавена монографија во земјава и/или во странство меѓу двата избора:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Цветановски, Гоце, Гајдова, Убавка, Давкова-Георгиева, Еленка, Стоевска-Денчова и **Денкова, Јованка** (монографија) | Банскиот говор | Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков", Скопје | 2014 |
| 2. | Јованка Денкова (е-учебник) | Реалистична македонска проза за деца и млади | УГД, Штип | 2014 |
| 3. | Јованка Денкова (е-учебник) | Сказновидното во македонската проза за деца и млади | УГД, Штип | 2015 |
| 4. | Јованка Денкова (научна книга) | Неколку навраќања кон детството | Јованка Денкова | 2017 |

**Наставно-образовна дејност**

Д-р Јованка Денкова е избрана во наставно-научно звање вонреден професор за наставно-научната област книжевност за деца на 19.6.2013 година со Одлука бр. 2402-96/14 на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Кандидатката успешно ги извршува наставните активности како вонреден професор по следниве предмети на **првиот циклус студии** на Филолошки факултет:

– Народна книжевност (3+2+2) – задолжителен предмет;
– Средновековна книжевност (3+2+2) – задолжителен предмет;
– Книжевност за деца (2+2+1) – задолжителен предмет;

– Македонска книжевност од 15 до 18 век (2+2+1) – изборен предмет;
– Македонска книжевност 19 век (2+2+1) – задолжителен предмет;
– Европска цивилизација (2+1+1) – изборен предмет.

За потребите на наставата на втор циклус студии на Катедрата за македонски јазик и книжевност, на студиската програма Македонска книжевност, ја изведува наставата по предметите: Историја на македонската книжевност и фолклор (3+2+2) – задолжителен предмет; Сказновидното во македонската книжевност за деца (2+2+1) – изборен предмет и Реалистична македонска проза за деца (2+2+1) – изборен предмет.

На студиската програма Методика на наставата по македонски јазик и книжевност (3+2+2) ја изведува наставата по предметот Книжевност за деца и младина.

За наставата на трет циклус студии проф. д-р Јованка Денкова е ангажирана на Катедрата за македонски јазик и книжевност на студиската програма Македонски јазик, книжевност и култура, по предметите: Македонската книжевност во контекст на светските историски процеси и влијанија (3+3+3) –задолжителен предмет и Фантастиката и научната фантастика во македонската книжевност за деца и млади (2+2+2) – изборен предмет.

Во рамките на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип, за потребите на студентите, д-р Јованка Денкова на веб-страницата (е-библиотека) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип објавила два учебника за студентите од Катедрата за македонски јазик и книжевност и една научна книга од соодветната област меѓу двата избора:

Јованка Денкова (2014) *Реалистична македонска проза за деца и млади*. Универзитет „Гоце Делчев”, Филолошки факултет, Штип, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12306

- Идејата да се систематизира литературно-теорискиот материјал во универзитетскиот учебник „Реалистична македонска проза за деца и млади“, произлезе од потребата да се направи обид на едно место да се конципираат веќе дефинираните теориски модели за пристап кон реалистичната проза/дискурс за деца и млади од современата македонска книжевност за деца и млади. Овој учебник е наменет за студентите на втор циклус студии од студиската насока Македонска книжевност, каде што во прв семестар како изборен предмет е Реалистична македонска проза за деца и млади. Учебникот има 99 страници, А4 формат, содржи вкупно 27 прилози од современи македонски автори кои дел или целото свое творештво го посветиле на книжевноста за деца и млади. Презентираниот материјал е конституиран во четири поглавја и тоа: 1. Автобиографскиот дискурс во македонската книжевност за деца и млади; 2. Дневничкиот дискурс во македонската книжевност за деца и млади; 3. Патописот како книжевен жанр во македонската книжевност за деца и млади; 4. Епистоларниот жанр во македонската книжевност за деца и млади.

Јованка Денкова (2015) *Сказновидното во македонската проза за деца и млади*. Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. ISBN 978-608-244-151-1, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12974

- Идејатадасесистематизиралитературно-теорискиотматеријалвоуниверзитетскиот учебник „Сказновидното во македонската проза за деца и млади“ произлезе од потребата да се направи обид на едно место да се конципираат веќе дефинираните теориски модели за пристап кон реалистичната проза/дискурс за деца и млади од современата македонска книжевност за деца и млади. Презентираниот материјал е конституиран во повеќе поглавја и тоа преку разгледување на одликите на сказновидното кај различни македонски автори за деца и млади: Глигор Поповски (Славка Манева Тихо Најдовски, Александар Поповски, Михо Атанасовски, Видое Подгорец, Славко Јаневски, Владо Димовски и други современи македонски раскажувачи за деца и млади).

Треба да се истакне дека кандидатката д-р Јованка Денкова била ментор за изработка на дипломски трудови на над триесетина кандидати на прв циклус студии, била и член на многубројни комисии за одбрана на дипломски трудови на Филолошкиот факултет во Штип, член на комисии за одбрана на магистерски трудови на двајца кандидати на вториот циклус студии и во моментов е избрана за ментор од страна на еден магистранд на втор циклус студии и еден докторанд на трет циклус студии.

**Научноистражувачка дејност (оценка на научните, стручните и други остварувања на кандидатот што се релевантни за утврдување на условите за избор во звање редовен професор)**

Кандидатката проф. д-р Јованка Денкова е автор на една научна книга и една монографија:

Книга „Неколку навраќања кон детството“. http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18566. Произлезе од потребата да се објават некои статии од авторката со цел истите да им бидат полесно достапни на студентите кои студираат на Катедрата за македонски јазик и книжевност, а кои слушаат предмети од областа на книжевноста за деца на прв, втор и трет циклус студии. Во книгата авторката се навраќа на одредени дела од современата македонска и српска книжевност за деца и млади и се осврнува на стихозбирки за деца, раскази за деца, како и на романи посветени на младите читатели, кои се значајни за расветлување на светот на детето – детството и кои верно го следат на неговиот пат на растење и созревање во млада личност.

Cvetanovski, Goce and Gajdova, Ubavka and Davkova-Gorgieva, Svetlana and Stoevska-Dencova, Elenka and Denkova, Jovanka (2014) „**Банскиот говор“.** Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков”, Скопје, (МОНОГРАФИЈА), http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11241.

**Евалуација на трудот:** Банскиот говор е монографија финансирана од Министерството за култура на РМ и е дел од од проектот „Македонските дијалекти надвор од границите на Република Македонија“, одобрен од Министерството за образование и наука на Република Македонија. Литературно-културолошката и фолклорна анализа на текстовите ја направи проф. д-р Јованка Денкова, која се вклучи во проектот и е еден од авторите на оваа значајна монографија. Придонесот на Денкова се однесува на фолклорно-литерарна анализа на собраните материјали од Банско, при што се разгледуваат собраните легенди и преданија, реалистични приказни (новели), приказните за животни и басни и најчестите ликови во нив, приказните со легендарно-историска содржина, кратките народни умотворби (верувања, клетви), свадбените народни обичаи и песни од Банско, за на крај да се направи една успешна контрастивна анализа и корелација со истите народни умотворби присутни во македонскиот фоклор и притоа да се укаже на врската меѓу нив, сличностите, варијантите, што пак, од друга страна, укажува на заедничкото потекло на фолклорот кај сите словенски народи.

Д-р Јованка Денкова е автор и коавтор на голем број трудови објавени во домашни и меѓународни списанија и зборници. Резултатите од научната и стручната активност на проф. д-р Јованка Денкова се презентирани на домашната и странската научна јавност преку следниве научни и стручни трудови (според датата на објавување):

***Објавени научни и стручни меѓународни трудови во меѓународни списанија***

Денкова, Јованка (2017) „**Picture books of Jalvach Ural“,** Bal-Tam Türklük Bilgisi, XII (26). pp. 133-143. ISSN 1452-2179, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18177

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката се осврнува кон творештвото за деца на познатиот турски писател Јалвач Урал. Нашето внимание ќе се задржи на неговите сликовници „Чајџилницата Алуџура“ и „Умната Миничка и Лакомко“. Најпрвин, во трудот ќе се осврнеме на сликовницата како литературен вид, нејзиното дефинирање при што ќе се конкретизираат нејзините карактеристики, различните класификации. Потоа, во контекст на претходното, ќе се осврнеме на двете горе споменати сликовници од Јалвач Урал и ќе се укаже на нивното позитивно влијание врз развојот на децата.

Денкова, Јованка (2017) „**The theme od death in literature for children and youth“**. Teacher, International Journal of Education, 13 (1). pp. 6-11. ISSN 1857-8888, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17681

**Евалуација на трудот:** Темата на трудот произлегува од карактерот на книжевноста за деца, како книжевност која е посебен, одделен дел од општата книжевност, но истовремено е и нејзин составен дел. Децата се среќаваат со смртта уште во кругот на семејството, без разлика дали се работи за смрт на блиски роднини, смрт на милениче и сл. Оттука, неизбежно е книжевноста наменета за децата и младите да ги одразува случувањата во

општеството и семејството. Согласно со тоа, неизбежен сегмент од книжевноста за деца и млади е смртта како составен дел од нашето суштествување. Од тие причини, темата на овој труд ќе биде третманот на темата на смртта во книжевноста за деца и млади, преку одбрани дела.

Денкова, Јованка (2017) **Some thoughts about humor in education and literature.** Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 17 (4). pp. 1533-1538. ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18152

**Евалуација на трудот:** Смеата е инстинктивна активност којашто освен што ја олеснува општествената комуникација може да го облагороди и педагошкиот систем. Бидејќи децата по природа се ориентирани на визуелната перцепција, хуморот и стриповите се погодни методолошки инструменти за усвојување на нови образовни содржини. Смеата е инстинктивна активност и специфична алтернатива на реалноста. Хуморот е индиферентен кон сите социјални и културни опкружувања во сите временски периоди. Разните видови на хумор и неговата дивергентност како комуникациска техника и како незаобиколен феномен се во концептуализација на човековите искуства.

1. Денкова, Јованка (2017), **Impact of Death on Adolescents and its representation as featured in Macedonian Adolescent Literature**. Krugovi detinjstva, 10 (1-2). pp. 113-122. ISSN 2334-7929, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18686

**Евалуација на трудот:** Темата на овој труд произлегува од карактерот на книжевноста за млади, како книжевност која е посебен, одделен дел од општата книжевност, но истовремено е и нејзин составен дел. Таквата литература му е блиска на младиот човек, затоа што во неа му се нуди еден посебен свет, свет во кој тој слободно ја развива својата фантазија, мечти и стремежи, но и да ги решава своите проблеми. Но, исто така, факт е дека преку оваа литература младиот човек го осознава животот и неговите законитости. Младите се среќаваат со смртта уште во кругот на семејството, без разлика дали се работи за смрт на блиски роднини, смрт на миленичe и сл. Оттука, неизбежно е книжевноста наменета за децата и младите да ги одразува случувањата во општеството и семејството.

Денкова, Јованка (2016) **„Young adult dealing with serious and incurable diseases displayed throuh novel "Green horoscope" by Tome Bogdanovski",** Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 13.3. pp. 343-348. ISSN 1857-923X, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16269

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката се осврнува кон еден сегмент од книжевноста за млади, кој е сè поприсутен во оваа книжевност. Имено, се работи за поджанрот познат како "teen sick-lit", односно романи за млади под кои во теоријата на оваа книжевност се подразбираат таков тип романи во кои се проблематизира здравјето на адолесцентите, било да се работи за физичка или ментална болест, депресија, нарушувања во исхраната и сл.

Денкова, Јованка (2016) **„A new Macedonian novel about a young and growing",** Teacher, International Journal of Education, 11 (1). pp. 50-54. ISSN 1857-8888, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15899

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката се осврнува кон најновиот роман за деца од македонскиот автор Велко Неделковски, посветен на најмладите читатели. Она што ја прави исклучителна оваа книга е што таа им се обраќа на младите читатели кои се на прагот меѓу детството и адолесценцијата и притоа авторката се обидува да им помогне што побезболно да го поминат трнливиот пат на адолесценцијата низ пријателството, иницијалните љубови, љубовта кон животните, респект кон постарите и сето тоа со цел да пораснат во здрави, силни млади луѓе, подготвени да се соочат со сите тешкотии во животот.

Денкова, Јованка (2016) **„Loneliness as a key element in adolescence",** Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 14 (27). pp. 38-49. ISSN 1857-5935, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16334

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува еден сегмент од книжевноста која во теоријата на литературата е позната како „книжевност за млади" (YAL), иако слободно може да се каже дека постојат многу други термини за неа. Откако ќе се дадат неколку дефиниции на терминот, ќе се истакне дека еден од клучните проблеми со кој се сретнуваат

сите адолесценти е чувството на осаменост, изолираност, неразбраност од другите. Ова чувство кај адолесцентите раѓа и чувство на недостаток на самодоверба, повлеченост, неможност да се искажат емоциите на никого. Честопати овие млади луѓе можат да бидат и жртви на насилство, за кое не можат да проговорат отворено од страв да не бидат осудени од околината. Од тие причини, тие најчесто се повлекуваат во себе, ја минимализираат комуникацијата и со најблиските, а сето тоа може да доведе и до поголеми психички проблеми, доколку не се изнајде начин да им се пристапи или да се отстрани негативната енергија од преживеаното негативно искуство.

Денкова, Јованка (2016) „**Turkish words in the longest Macedonian folk story Siljan Stork**“*,* Bal-Tam Türklük Bilgisi (24). pp. 165-174. ISSN 1452-2179, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16182

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката ги истражува архаичните зборови од турско потекло, присутни во македонскиот фолклор, споредено со нивниот превод во македонскиот јазик. Анализата се осврнува врз најстарата запишана македонска народна приказна од Марко Цепенков, кој е најпознатиот собирач и запишувач на македонскиот фолклор. Потоа, се дава паралелен превод на овие збороив во современиот македонски јазик.

Денкова, Јованка (2016) „**Gender in the Macedonian adolescent literature“,** International Journal of Science and Research (IJSR), 5 (2). pp. 1224-1228. ISSN 2319-7064, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15512

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката се осврнува кон родовите разлики во македонската литература наменета за младите читатели, од адолесцентска возраст. Пристапот се задржува на неколку романи од повоената македонска книжевност за млади и притоа ќе се разгледуваат романи од писатели од различни генерации, со цел да се види пристапот кон третманот на родовите разлики. Притоа, многу воочливо е дека кај писателите од постарата генерација односот кон женските адолесценти е попатријархален, во смисла на тоа дека женските адолесценти како да се потчинети на авторитетот на машките адолесценти. Нивните ликови во делата како да се маргинализирани, немаат подеднаква застапеност во дејството, ниту пак им се остава можност да преземаат некаква конкретна акција.

Денкова, Јованка (2016) **Animalism in Macedonian literature for children.** In: International journal – Knowledge, Scientific and Applicative Papers, Vol. 12.1, ISSN 1857-92, p.387-393, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15948

**Евалуација на трудот:** Анимализмот е неразделив дел од книжевноста за деца, особено антропоморфизмот. Анималноста во детската книжевност е една од почестите теми. Авторите на книгите за деца често ги претставуваат животните како главни ликови преку кои искажуваат одредена поука, носат силна порака кон нешто. Им даваат човечки особини на животните со цел да бидат попривлечни кон младите читатели. Животните во делата ги симболизираат човечките особини како што се: добрината, итрината, лакомоста, глупавоста, себичноста и др. Преку ликовите на животните младите читатели можат да осознаат дека доброто е цел на постоењето, добрината се наградува и секогаш победува. Преку ликовите на животните се прикажува дека секогаш не важи правилото „каде што има сила нема правдина“, понекогаш слабите можат да ги победат силните со својата мудрост, дека разумот е поголема сила од физичката. Во трудот се направи краток осврт кон македонските писатели кои во својот творечки опус за деца значајно место им посветиле на животните.

Денкова, Јованка (2015) „**Patriotism in the work for children by Olivera Nikolova“,**European journal of social sciences education and research, 5 (1). pp. 514-517. ISSN 2312-8429, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14796

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува творештвото на една од најпознатите македонски писателки за деца и возрасни, Оливера Николова. Нејзиниот творечки опус е навистина импозантен, особено оној кој е наменет за децата. Во трудот посебно се обрнува внимание на патриотската тематика во творештвото на Николова, при што акцентот ќе се стави на две нејзини дела „Тајната на жолтото куферче“ и „Куклите на Росица“. Целта на трудот е да се открие и наслика контекстот на детето и младата девојка во виорот на војната, траумите кои се преживуваат, последиците кои произлегуваат од нив, но и како овие женски ликови се изборуваат со сето тоа.

Денкова, Јованка (2015) „**Violence in YAL with special emphasis on contemporary Macedonian YAL“,**. European journal of interdisciplinary studies, 3 (1). ISSN 2411-4138, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14799

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се осврнуваме на современата македонска книжевност за млади, поточно на еден нејзин сегмент, а тоа е насилството и присуството на насилни сцени во делата наменети за оваа публика. Теоретичарите на оваа литература, популарно наречена и YAL, не ги заобиколуваат овие прашања, како што тоа не го прават ни писателите кои пишуваат книги наменети за адолесцентите. Оваа тема се разгледува преку есплицитни примери, кои се ексцерпирани од современата македонска книжевност за млади, со цел од една страна да се укаже на нивната застапеност, како и потребата од пoслободно пишување на оваа тема, а од друга страна да им се помогне на младите луѓе кои се соочуваат со овие проблеми. При анализата се воочува дека во најголем број случаи причината за тоа што младите понекогаш се свртуваат кон насилство или самите се жртви на насилство се изместените семејни вредности, или недостатокот/отсуството на семејството, член на семејството, најчесто родител, запоставување од страна на родителите и нивната преокупираност со работата.

Денкова, Јованка (2015) „**Adolescence in тhe literature for young adult of Tome Arsovski“,**Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 11 (1). pp. 411-418. ISSN 1857-923X, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14468

**Евалуација на трудот:** Во овој труд најпрвин се разгледува прашањето за адолесцентската литература, некои нејзини главни особености, значењето и функциите. Потоа, преку анализа на творештвото за млади од Томе Арсовски (романите „Млади и диви“, „Пролет зад мојот прозорец“ и др.) се елаборираат претходно наведените теориски поставки за адолесцентска литература. „Пролет зад мојот прозорец” е роман кој ги зафаќа проблемите на животот на младите во урбана средина и има приказна која е раскажана интересно, со суверен јазик кој ги одбележува ликовите. Сите доблести на наративниот жанр за деца се спроведени со минуциозна постапка во која топлината и префинетата дидактичност се ненаметливо присутни во нарацијата. Современиот млад читател може да се идентификува со позитивните етички принципи кои овој роман ги афирмира. Романот има суверено-композициски водена приказна која со ангажирањето на вниманието на читателот го потврдува раскажувачкиот квалитет на Томе Арсовски.

Денкова, Јованка (2015) „**Scales toward Adulthood – Scales through Life“,**European journal of language and literature studies, 3 (1). pp. 136-139. ISSN 2411-4103, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14798

**Евалуација на трудот:** Периодот на адолесценцијата се дефинира како период помеѓу детството и зрелоста, кој се карактеризира со динамичен физички развој и значајни промени во когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој. Во романот „Скалила“ од Ката Мисиркова-Руменова е претставен животот на младите адолесценти кои се на преминот кон зрелоста, кои транзицијата ја преживуваат сами поради презафатеноста на нивните родители и без потребното внимание и советите од нив. На овој пат, некои од нив продолжуваат по вистинскиот пат, а некои скршнуваат од патот и ги отфрлаат вистинските вредности во животот.

Денкова, Јованка(2015) **„The autobiographical discourse in Autobiography by Marko Cepenkov**“,Facta Universitatis, Series: Linguistics and Literature, 13 (1). pp. 21-27. ISSN 2406-0518, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13967

**Евалуација на трудот**: Во овој труд авторката го истражува прашањето на автобиографскиот дискурс во „Автобиографијата“ на Марко Цепенков. Најпрвин се одредуваат основните теориски поставки според кои за некој текст може да се каже дека е автобиографски или дека поседува автобиографски елементи. Потоа, конкретно се укажува на присуството на експлицитните и имплицитните техники или елементи во одредени дела кои ги користи авторот во прилог на што неговото дело може да се нарече „автобиографски текст”.

Денкова, Јованка (2015) „**The epistolarity as a genre in the modern Macedonian literature for children ("Shareni pisma" Coloured letters by Violeta Tancheva-Zlateva)“,**Horisons, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, 11 (17). pp. 177-186. ISSN 1857-9884, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14284

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува прашањето за епистоларниот жанр во литературата. Најпрвин се прави обид да се дефинира жанрот, потоа се укажува на неговите карактеристики кои го одделуваат/разликуваат од останатите видови проза (автобиографии, мемоари, дневници и сл.), при што се потенцира најважната особина на писмото како книжевен жанр, а тоа е неговата дијалошка природа. Во трудот се презентираат и различните класификации на овој жанр. Претходно наведените теориско-критички дефиниции се применети врз разгледувањето на конкретен апликативен материјал, епистоларниот роман „Шарени писма“ од Виолета Танчева-Златева.

Илиева, Валентина, **Денкова, Јованка**, Монавчева, Симона, и Илиева, Кристина (2015) „**The importance of listening and comprehension skills in listening excercises in German language classes“,**Horisons, International Scientific Journal - Social Sciences and Humanities, 17 (A). pp. 187-198. ISSN 1857-9884, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14289

**Евалуација на трудот:** Во овој научен труд се работи за вештината слушање и разбирање при слушање во наставата по германски јазик во Република Македонија. Во наставната програма од Министерството за образование на Република Македонија за основните и за средни училишта се опишува вештината слушање во наставата по германски јазик на сите нивоа. Истата наставна програма се зема како база за дискусијата на вештината слушање во наставата по германски јазик.

Денкова, Јованка (2015) „**The fairy tale pillows of Slavka Maneva“,**Teacher, International Journal of Education, 8 (2/2015). pp. 18-26. ISSN 1857-8888, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13414

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката се осврнува кон збирката раскази за деца од Славка Манева, насловена како „Ѕвездени перничиња“. Оваа збирка покажува невообичаена наративна структура, каде што месеците во годината, секој карактеристичен по нешто свое, како подароци, на децата им даруваат по еден расказ, за на крај, и авторот да подари еден расказ. Овие раскази ги имаат сите карактеристики на сказната: хронотопот каде/кога се одвиваат настаните не се познати и прецизирани, се среќаваат митолошки суштества, магични елементи и многу други елементи од легенди, како дел од нашата митологија.

Денкова, Јованка (2015) „**Friendship, Dreaming and Invention as a path to Maturation shown in the novel “Clever Inventors” by Violeta Martinovska“,** European Journal of Language and Literature Studies, 2 (1). pp. 113-122. ISSN 2411-4103, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15050

**Евалуација на трудот:** Во овој труд е обработена темата за адолесценцијата која е прикажана во романот „Умните измислувачи'' како период кој претставува премин од една во друга фаза од животот, период на истражување, нестрпливост, досетливост, љубопитност, потрага по нешто ново, уникатно и досега непознато за децата од Маџар Маало. Адолесценцијата е период кога младиот човек започнува да созрева на свој начин, живее во сопствен свет, секој индивидуално го прифаќа овој период и како знае и умее минува низ него.

**Денкова, Јованка** и Челик, Махмут (2015) **Mysterious-imaginary world of mirrors in children's literature.** In International scientific journal, Knowledge, Vol. 10.1, ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13940

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува прашањето за темата на огледалата во книжевноста за деца и млади. Темата на огледалата потекнува од сферата на фантастиката и применета во книжевноста за деца може да предизвика изненадување или страв од непознатото што се појавува зад огледалото. Оваа тема ќе се разгледува во два романи од книжевноста за деца. Меѓутоа, за разлика од Јадранка Владова, Луис Керол во неговото дело преку огледалото претставува еден обратен свет кој функционира според принципот на една шаховска игра. Интересното во романот „Гледалото зад огледалото“, што воедно го разликува овој роман од романот „Алиса од другата страна на огледалото“ од Луис Керол е поврзаноста на огледалото со друг предмет што во „Алиса...“ во светот на огледалото не постои.

Челик, Махмут и **Денкова, Јованка** (2015) **Ottoman-Turkish diplomatics.**In: International scientific journal Knowledge, Vol.10.1, ISSN 1857-92, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13941

**Евалуација на трудот:** Со оглед на тоа што Балканот со векови бил под власт на Османлиската Империја, во балканските земји е доста развиен интересот за османо-турската дипломатика. Па така, сè повеќе и повеќе растел бројот на преведени османлиски документи. Во преводите се согледуваат и мали пропусти на некои зборови, што е многу нормално, за кои преведувачот има дадено образложение. Дипломатиката како наука се развила во осумдесеттите години на XVII век. Основоположник на оваа интересна, но доста процедурална научна дисциплина која бара многу трпение и внимание, е Французинот Жан Мабиллон. Зборот „дипломатика" потекнува од грчкиот збор „diploma" што значи „нешто што е свиткано на две", „свиткана хартија".

Denkova, Jovanka (2015) **Challenges of adolescent literature today.** In: 5 International Scientific journal "Knowledge", V.9., http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13279

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува прашањето за адолесцентската литература. Инаку, кога некој ќе ни спомне „книжевност за млади" веднаш се поставуваат прашања од типот: што е книжевност за деца, а што книжевност за млади, дали постои некој хибриден жанр како книжевност за деца и млади или треба да се разграничат според некои карактеристики, која е разликата меѓу нив, дали воопшто постои разлика, ако називот се однесува на возрасната разлика на консументите на оваа литература, тогаш која/кои се границите итн. Се чини дека најпрвин треба да се утврди на која возрасна група се однесува оваа литература. Многумина теоретичари пишувале за ова, и се чини дека нема консензус по ова прашање. Секогаш постојат аргументи и контрааргументи. За таа цел, авторката на трудот се осврнува кон искажувања на бројни еминентни имиња, теоретичари на книжевноста за деца и млади. Имало и ќе има многу дебати околу тоа дали се работи за стандардизиран жанр или категорија која опфаќа повеќе жанрови, како да се дефинира, кои се нејзините одлики, дали кај неа преовладува литературната или педагошката вредност итн. Овие дебати можеби го попречуваа развојот на книжевноста за млади во минатото, меѓутоа сè поголемиот број на популарни романи за млади укажува на фактот дека книжевноста за млади сè уште има шанса за напредок.

Денкова, Јованка (2015) „**The epistolary genre in the literature for youth by Gorjan Petrevski",** Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 13 (25). pp. 10-29. ISSN 1857-5935, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13474

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката го разгледува епистоларниот жанр и неговата улога во литературата. Во обидите да се дефинира овој жанр се анализираат и неговите карактеристики по кои се разликува од останатите жанрови (автобиографии, мемоари, дневници и др.). Овој труд ги презентира различните класификации на жанрот, зависно од тоа за што пишува авторот. Исклучителните карактеристики на епистоларниот жанр се презентирани преку различни романи од македонскиот автор за деца и млади – Горјан Петрески, од каде што е евидентно дека авторот ги применува и комбинира различните епистоларни елементи во различен манир.

**Денкова, Јованка** и Челик, Махмут (2015) „**Esat Bajram'in "Aliveli" Hikâye Kitabinda SosyelleŞme Olgusu",** Bal-Tam Türklük Bilgisi (22). pp. 263-272. ISSN 1452-2179, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13206

**Евалуација на трудот:** Во делата од детската литература развојот на личноста на децата треба да е во согласност со општествениот и социјален развој. Со делата од детската литература е потребно децата да се спознаат себеси, да се соочат со другите луѓе од нивното опкружување, да научат како можат да пронајдат решение за можните проблеми со кои ќе се соочат во текот на животот, да ги разберат културните, општествените и социјалните вредности, со цел да ги воочат вредностите за да можат да формираат свое сопствено мислење врз основа на стекнатото искуство и да постапуваат во согласност со истото. Поради ова делата од детската литература имаат важен придонес кон општествената и културна социјализација на децата. Во овој контекст Есат Бајрам, еден од турските писатели во Македонија, во својата книга раскази за деца „Аливели" ја проучува детската социјализација и факторите кои влијаат на неа. Како резултат на ова, книгата со раскази за деца „Аливели" на Есат Бајрам, во време на поранешна Југославија, претставува значајно дело со кое писателот направил голем придонес кон развојот на социјализацијата на децата и пристапот кон истата.

**Денкова, Јованка** и Челик, Махмут (2015) „**Monuments of Islamic Culture and Civilization in Shtip“,**Bal -Tam Turkluk Bilgisi 22 (22). ISSN 1452-2179**,** http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13205

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави осврт кон културното и цивилизациското исламско наследство на територијата на градот Штип. Тука во прв ред се мисли на безистенот, градската саат кула, како и Хуса Медин Пашината џамија, која меѓу христијанското население е позната како црква „Св. Илија“. Авторите на трудот се осврнуваат на историските податоци поврзани со овие драгоцени културни споменици, општествено-економските и други услови при нивното создавање, нивните специфики и она што ги одделува од останатите градби од овој период, нивната сегашна состојба, начините на нивна презервација и реставрација, односно проектите и активностите кои се преземаат за таа цел. Ваквите градби се своевиден споменик на исламската култура и цивилизација на Балканот, но истовремено се и споменик на соживотот на овие простори.

Денкова, Јованка (2014) „**Автобиографскиот дискурс во Автобиографијата на Григор Прличев“,** Филолошки студии (том 1). pp. 46-53. ISSN 18576060, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11748

**Евалуација на трудот:** Овој труд го истражува прашањето на автобиографскиот дискурс во „Автобиографијата“ на Григор Прличев. Најпрвин ќе се одредат основните теориски поставки според кои за некој текст може да се каже дека е автобиографски или дека поседува автобиографски елементи. Потоа, конкретно ќе се укаже на присуството на експлицитните и имплицитните техники или елементи во одредени дела кои ги користи авторот во прилог на што неговото дело може да се нарече „автобиографски текст”.

Денкова, Јованка и Илиева, Валентина (2014) „**The brothers Grimm’s fairy tales in Macedonian language teaching in primary education**“, Teacher, International Journal of Education, 7 (2). pp. 32-38. ISSN 1857-8888**,** http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12004

**Евалуација на трудот:** Сказната е книжевен вид со кој децата најрано се среќаваат уште во кругот на семејството, па во предучилишната возраст и затоа таа има најголемо влијание врз нивниот интелектуален и емоционален развој. Тие се првиот допир на детето со книжевноста. Токму затоа, во овој труд, предмет на анализа се сказните на браќата Грим кои се користат во одделенската настава во основните училишта во Штип (ОУ „Ванчо Прке“, ОУ „Тошо Арсов“, ОУ „Димитар Влахов“ и ОУ „Гоце Делчев“). По направената анализа на литературата која се користи во наставата по македонски јазик во овие основни училишта беше констатирано дека во сите училишта ситуацијата е скоро идентична.

Денкова, Јованка и Челик, Махмут (2014) **The role and the power of women in Macedonian and Turkish folk literature.** Bal-Tam Turkluk Bilgisi 21, 11 (21). pp. 209-221. ISSN 1452-2179, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11760

**Евалуација на трудот:** Во трудот се прави една контрастивна анализа на ликот и улогата на жената во македонската и во турската народна поезија. Во македонската народна поезија ликот на жената е најзастапен во однос на другите ликови. Најчесто, жената е прикажана во позитивна улога. Меѓутоа има примери во кои доаѓа до израз нејзината мрачна страна. Притоа се издвојуваат семејните лирски песни и баладите за лични и семејни односи во кои најчест мрачен лик на жена е ликот на лошата маќеа, сестрата-убиец на својот брат или сестра, мајката-убиец итн. Во турската народна поезија, гледано од историска перспектива, семејството отсекогаш претставувало најважна социјална клетка во турското општество. Жената е претставена како централен и фундаментален дел на семејството, па согласно со тоа и во турскиот епос и филозофија, таа е претставена како ненадминлив херој во културата и традицијата.

Денкова, Јованка (2014) **Autobiographical discourse in some novels from Macedonian literature for children and youth.**Hikmet, Journal of Scientific Research, 12 (24). pp. 58-68. ISSN 1857-5935, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11902

**Евалуација на трудот:** Овој труд го истражува прашањето на автобиографскиот дискурс во современата македонска книжевност за деца и млади. За таа цел, ќе се работи врз текстот на романите „Бело-црно детство“ од Диме И.Каровски и „Бела“ од Томе Момировски. Се разбира, овде можат да се вклучат и други дела, но останува фактот дека ваквиот тип на нарација не е многу застапен во современата македонска проза за деца и млади.

Денкова, Јованка (2014) **The travelogue as a literary genre in children`s prose works "Pisma od Africa" by Vidoe Podgorec.** Teacher, International Journal of Education, 6. pp. 21-27. ISSN 1857-8888, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11258

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува патописот како книжевен жанр. Истражувањето започнува со разгледување на многубројните дефиниции, или обиди за дефинирање на овој жанр од страна на многубројни теоретичари на книжевноста. Потоа, ќе се разгледуваат и многуте типологизации и класификации на овој жанр, како и нивните карактеристики. Сите овие критичко-теориски поставки ќе се разгледуваат низ делото „Писма од Африка" од Видое Подгорец. Ќе се разгледува и прашањето дали во македонската книжевност за деца има патопис во чисто книжевна форма или се присутни само патописни епизоди во книжевните дела.

Денкова, Јованка (2014*)* **Racial, social, national, cultural, religious and gender stereotypes in Macedonian literature for children, their social context and their aesthetic function.** Hikmet, Journal of Scientific Reasearch, 12 (23). pp. 42-56. ISSN 1857-5935, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10641

**Евалуација на трудот: При прочитот на одреден квантум дела од современата македонска литература за млади станува евидентно дека во неа се застапени дела наменети за децата од помала возраст, но и дела наменети за младите адоленценти. Ако подетално се анализира ситуацијата ќе се забележи дека додека во првите сè е подредено на пристојното и убаво изразување, во делата наменети за младите адоленценти се забележува одреден корпус на зборови со погрдно значење, кои, за жал, сè почесто се среќаваат во секојдневниот говор на нашата младина.**

Celik, Mahmut and Denkova, Jovanka (2014) **Traces of Turkish culture in Macedonian's cultural tradition.**In: International Scientific Journal Knowledge, 25-28 Nov 2014, Bansko, Bulgaria, V.7, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11546

**Евалуација на трудот:** По падот на Македонија под Отоманската Империја во 1392 г., насекаде започнала да се шири турската култура и вера. Новата религија имала силно влјание врз јавниот, социјалниот и економскиот живот, заради политичката, социјалната и религиозната поддршка што ја обезбедувале Турците. Голем дел од нетурското население, со различна етничка позадина, со тек на времето, доброволно и од разни социо-политички и економски причини, ја прифатиле исламската вера и се претопиле во турската култура. Целта на овој труд е да ги истражи токму тие траги и остатоци од турската култура во македонската културна традиција.

**Трудови објавени во домашни/странски списанија и годишни зборници**

Денкова, Јованка (2017), Патриотското чувство во творештвото на Љонка Пантелеев и Оливера Николова. Детињство, XLIII (1). pp. 92-99. ISSN 0350-5286 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/18153)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторот се осврнува кон негувањето на патриотското чувство во творештвото на рускиот автор за деца Љонка Пантелеев и паралелно со тоа ќе го споредиме со патриотската проза на македонската писателка за деца и млади - Оливера Николова. Конкретно, во трудот ќе се осврнеме на збирката раскази од Љонка Пантелеев, насловена како „Раскази за деца", каде што се сместени четири раскази, а ќе се разгледа и романот „Тајната на жолтото куферче" од Оливера Николова. Цел на овој труд е да се издвојат елементите кои овие дела ги ставаат во редот на дела со патриотска, односно родољубива тематика. Потоа се обрнува внимание на местото на детето среде виорот на војната и нејзините уништувачки траги, но во исто време се укажува на храброста на децата и нивната внатрешна сила, која честопати ја надминува и онаа на возрасните.

Денкова, Јованка (2016), Адолесценцијата прикажана во романот „Супер девојче" од Томе Арсовски. Детињство. Часопис о књижевности за децу, XLII (3). pp. 40-45. ISSN 0350-5286 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16809)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разработува темата за адолесценцијата преку романот „Супер девојче" од Томе Арсовски. Во трудот се претставува преминот од дете во адолесцент, исто така се претставени дел од карактеристики на периодот, дел од проблемите со кои се соочуваат адолесцентите, но и како ги разрешуваат и сл.

Денкова, Јованка (2016), Словенските сказни - основа на фолклорот кај словенските народи. Славянский вестник: история и перспективы.Материалы международной научно-практической конференции, посвященной 150-летию сборника «Славянский вестник». – Воронеж: Кварта, 2016.. pp. 71-78. ISSN 978-5-89609-340-XX (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16940)

**Евалуација на трудот:** Заради заедничкото минато, сите словенски народи имаат исти или слични белези во својот долг историски развој. Со доаѓањето на Словените на Балканот, тие со себе ја донеле својата култура, историја, верувања, митови, приказни... Голем дел од тој шаренолик фолклор се сретнал со фолклорот кој веќе егзистирал на овие простори. Некои приказни, верувања и сл. ја задржале својата оригинална форма во која биле пренесени, а некои доживеале своевидна контаминација во мотивите и сл. Како такви тие и ден-денес постојат кај словенските народи. Од тие причини, целта на овој научен труд е да се разгледаат сказни/волшебни/фантастични приказни кај повеќе словенски народи да се утврдат нивните заеднички основи и потекло, во смисла на мотивите, ликовите, просторот, волшебните предмети... За таа цел, се разгледуваат сказните на Пушкин, потоа одредени чешки, словачки, полски, словенечки, бугарски, српски и македонски сказни.

Денкова, Јованка (2016), Анималистичкиот роман „Дивиот пес“ од Видое Подгорец. Годишен зборник на Факултет за образовни науки, 6 (1). pp. 105-113. ISSN 1409-9187 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16586)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се осврнуваме кон творештвото на Видое Подгорец, конкретно кон неговиот анималистички роман „Дивиот пес“, добро познат на нашата помлада читателска публика. Најпрвин, на кратко се истакнуваат карактеристиките на книжевноста за деца, а една од тие најважни карактеристики е љубовта и приврзаноста на децата кон животните. Ваквата приврзаност се должи на фактот што децата ги чувствуваат животните како составен дел од својот живот, тие разговараат со нив и го разбираат нивниот говор. Во овој роман авторот се обидел и успеал да им го приближи анималниот свет на децата, не само по неговите убавини, туку и според суровите правила на природата.

Денкова, Јованка (2015), Измислување или реалност на детскиот свет. Годишен зборник 2015 - Филолошки факултет, УГД - Штип, VI (6). pp. 161-167. ISSN 1857-7059 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14834)

**Евалуација на трудот:** Измислувањето е типично за децата и нивниот свет. Всушност, измислувањето, имагинацијата е суштина на детскиот свет. Децата имаат насушна потреба да измислуваат, да се оддалечат од овој свет во кој многу желби не можат да им бидат исполнети, па затоа создаваат свој свет во кој преку играта не само што нивните желби се исполнуваат, туку играта, во детската литература, има карактер на потребното, забавното и одморот, но и смисла на воспитното, навиките, работата уредноста и исполнувањето на обврските. Смислата на играта не е во бесмисленото губење на време. Смислата на играта е во дејствувачката акција, чии резултати секогаш ќе се гледаат и ќе се пофалат. Во овој труд се прави осврт кон делото-роман „Измислување на светот или Ликијада“ од Јадранка Владова, во кое авторката е еден од ликовите во делото, се разбира скриена во еден од ликовите, на едноставен и непретенциозен начин се зборува за другарувањето меѓу внуците и тетката, преку игра и навидум детски, а всушност длабоко сериозни разговори се зборува за големи човечки вистини.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2014), Списанијата и творештвото за деца на турски јазик во Република Македонија. Детињство. Часопис о књижевности за децу, XL (3). ISSN 0350-5286 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11268)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд авторите се осврнуваат на состојбата со издаваштвото во детската публицистика на турски јазик. За изданијата на турски јазик во Република Македонија посебен проблем претставуваат нивните мали тиражи, заради што, во денешните услови на пазарното стопанство, сè уште не постојат иницијативи за создавање на приватни турски издавачки куќи. Најпогоден пат и начин за повторно оживување на литературата за деца на турски јазик во Република Македонија е истата издавачка дејност да ѝ се довери на некоја издавачка куќа која издава литература за деца на македонски јазик, секако, откако издавачката куќа ќе покаже интерес за тоа.

**Денкова, Јованка,** Челик, Махмут и Ивановска, Билјана (2014), Теориско промислување на епистоларниот жанр. Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 5 (5). pp. 87-96. ISSN 1857-7059 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11500)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд авторите го разгледуваат прашањето за епистоларниот жанр во литературата. Најпрвин, се прави обид да се дефинира жанрот, потоа се укажува на неговите карактеристики кои го одделуваат/разликуваат од останатите видови нефикционална проза (автобиографии, мемоари, дневници и сл.), при што се потенцира најважната особина на писмото како книжевен жанр, а тоа е неговата дијалошка природа. Во трудот се презентираат и различните класификации на овој жанр.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** и Ивановска, Билјана (2014), Поетско-прозното творештво за деца на Фахри Каја. Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 5 (5). pp. 97-101. ISSN 1857-7059 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11501)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд се разгледува општото творештво на Фахри Каја. Тој е претежно публицист, потоа книжевен критичар и истражувач на историското минато на Турците во Република Македонија. Познат е и како составувач на антологиски избори, преведувач и учебникар. Меѓутоа, слободно може да се каже дека во неговото творештво, расказите за деца заземаат централно место.

Ивановска, Билјана, **Денкова, Јованка** и Челик, Махмут (2014), Македонските преводни еквиваленти на глаголите во германскиот јазик што искажуваат психичка состојба. Годишен зборник 2014 - Филолошки факултет, УГД - Штип, 5 (5). pp. 137-143. ISSN 1857-7059 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11502)

**Евалуација на трудот:** Во основата на овој коавторски труд се наоѓа идејата да се опишат повратните глаголи што искажуваат психичка состојба во германскиот и во македонскиот јазик, таа да се генерализира на сите глаголи што искажуваат психичка состојба, како и да се претставaт преводните еквиваленти во македонскиот јазик. На овој начин се поставува темата на оваа работа во поопшти рамки на истражување. Како корпус се користат германски и македонски глаголи (повратни, транзитивни, интранзитивни...) ексцерпирани од пишаниот и говорниот македонски и германски јазик.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2014), Сказновидното во творештвото на Славка Манева, со посебен осврт врз збирката раскази за деца „Ѕвездени перничиња". Детињство, Часопис о књижевности за децу, XL (4). pp. 65-74. ISSN 0350-5286 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13043)

**Евалуација на трудот:** Книжевноста за деца е посебна книжевна област со свои идеи, воспитни и уметнички обележја. Книжевноста за деца е наменета за најмалиот читател или слушател. Предмет на овој труд е анализа на делата од Славка Манева, со цел е да се пронајдат сказновидните елементи во наведените дела.

Денкова, Јованка (2014), Списанија за деца и млади во Р. Македонија, нивната интермедијалност со книжевноста за деца, нивната сознајна, естетска, социјална и воспитна функција. Детињство (1/2014). pp. 105-113. ISSN 0350-5286 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/10028)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави осврт на првите никулци на македонската народна и уметничка книжевност за деца и младина, за веднаш потоа да се проследи развојот на онаа прва генерација македонски писатели за деца, од кои најголемиот дел, истовремено беа и основачите, основоположниците и главни уредници на првите списанија за деца во Р. Македонија, веднаш по ослободувањето. Веднаш потоа се прави внимателен разглед на неколку списанија за деца, од различни периоди, начинот на нивното организирање и структура на рубриките, нивната сознајна, естетска, социјална и воспитна функција. Тргнувајќи од сознајната која детето го напојува со нови вистини, факти информации, движејќи се кон воспитната која морално и етички го издигнува и го гради како човек, па сè до социјалната, отворајќи му можност да стапува во контакти со други деца, со нив да соработува, тимски да се оспособува, за на крај сето тоа во една естетска добро спакувана форма да излезе како краен резултат.

Денкова, Јованка (2013), Функциската шема во делото „Сказна за Вилен" од Глигор Поповски. Detinjstvo, 39 (3). pp. 32-40. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6381)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторката се осврнува на функциската шема во делото „Сказна за Вилен“ од Глигор Поповски. Притоа се разгледува распределеноста на дистрибутивните функции во текстот од каде што е евидентно дека сказната покажува релативно богата функционална разгранетост. Видливо е дека во текстот позастапени се функциите, значи раскажувањето е високофункционално, што е својствено на народните приказни. Во „Сказна за детето Вилен“ сè се одвива според утврдените канони на сказната: реалното се меша со натприродното, доброто победува над злото, правдата над неправдата, од каде што повторно ја согледуваме длабоката, исконска поврзаност (или инкорпорираност на магијата во сказната) на магијата и сказната.

Денкова, Јованка (2013), Фолклорната основа на „Сказна за Вилен“ од Глигор Поповски. Современост (2). pp. 76-86. ISSN 0038-5972 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6382)

**Евалуација на трудот:** Можат да се издвојат некои сличности што се среќаваат и кај митот и кај сказната. И митот и сказната се случуваат во некое минато време, кое термински не е определено. И митот и сказната се обрасци, односно носат трајни, универзални пораки кон кои е потребно да се придржува. Авторот на митот, како и оној на сказната, останува анонимен, непознат, иако е разбирливо дека тој некогаш постоел. Вистинскиот творец останува колективот, оној што ја пренесува пораката... Сличностите меѓу митот и сказната можат да се пронајдат дури и на планот на судбината на главниот херој, кој и во двата случаја на почетокот е отфрлен, потценет, поставен пред неволји, но кој на крајот секогаш завршува триумфално, како победник. Во овој труд, авторката се стреми да ги издвои сите оние сказновидни елементи кои го карактеризираат ова дело како сказна.

***Учество на домашни и на меѓународни конференции, конгреси, симпозиуми и собири и објавени научни и стручни трудови во нивните зборници*** (според датумот на објавување, со сертификат):

1. **Денкова, Јованка** (2017), Учество на меѓународниот славистички собир, Филолошки факултет, Скопје, 15-16.06.2017, „Научната фантастика на Станислав Лем“ (во печатење).
2. **Денкова, Јованка** (2017), Учество на XXI научен собир Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 9-10 мај 2017, Струга, Македонија, Фразеологизмите како дел од описот на ликовите во романот „Ехото на старата тага“ од Горјан Петрески (во печатење).
3. **Денкова, Јованка** (2017), Научно-стручна конференција со меѓународен карактер Современото воспитание и образование – состојби, предизвици и перспективи, ФОН (УГД) и Општина Штип, 15 мај 2017, „Хуморот во книжевноста за деца преку слика на едно детство“ (во печатење).
4. **Денкова, Јованка** (2016), Учество на XXI научен собир Денови на Благоја Корубин, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 14-15.4.2016, Скопје, Македонија, „Дидактичкото и поучното во книжевноста за деца преку збогатување на лексичкиот фонд кај децата“ (во печатење).
5. **Денкова, Јованка** (2016), Учество на меѓународна научна конференција „Мисирков - предизвик за нови проучувања во науката“, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, 2-3.11.2016, Струмица, Македонија, „Темата на смртта во македонската книжевност за деца и млади“ (во печатење).
6. Денкова, Јованка (2016), Меѓународна научна конференција филологија, култура и образование, 18-19 март 2016, Штип, Македонија, Анимализмот како тема во книжевноста за деца.
7. Денкова, Јованка (2016), International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia, Review of adolescent literature through comparative analysis of the novels “The blue path of love” by Metodi Manev “ and “VoIce of love” by Grozdana Olyjic.
8. Денкова, Јованка(2016), Eight International Scientific Conference - Knowledge without borders, 8-10 Apr 2016, Bansko, Bulgaria, Animalism in Macedonian literature for children.

9. Denkova, Jovanka and Celik, Mahmut (2016), 11. Симпозијум са међународним учешћем: Васпитач у 21. веку, 27-28 March 2015, Aleksinac, Serbia, Социјалниот аспект во творештвото за деца и млади на Јован Стрезовски.
10. Denkova, Jovanka (2016), 9. међународна интердисциплинарна научностручна конференција „Васпитно-образовни и спортски хоризонти", 13-14 May 2016, Subotica, Serbia, Кучешкиот поглед на светот (осврт кон анималистичкиот роман „Оскар" од Живко Новески).
11. Denkova, Jovanka (2016), 10 International Balkan Congress on Education and Science, 17-19 Sept 2015, Ohrid, Macedonia, Компаративна анализа на сказновидното во делото на Гроздана Олујиќ и Славка Манева.
12. Denkova, Jovanka and Celik, Mahmut (2015), International scientific conference: Knowledge - capital of the future, The power of knowledge, 2-4 Oct 2015, AgiaTriada, Greece, Mysterious-imaginary world of mirrors in children's literature.
13. Celik, Mahmut and Denkova, Jovanka (2015), International scientific conference: Knowledge-capital of the future, 2-4 Oct 2015, AgiaTriada, Greece, Ottoman-Turkish diplomatics.
14. Denkova, Jovanka (2015), 8. Маѓународна интердисциплинарна научно-стручна конференција - Хоризонти, 8-9 мај 2015, Суботица, Р. Србија, Методички пристап кон сказните на браќата Грим во наставата.
15. Denkova, Jovanka (2015), Меѓународна научна конференција „Човекот во глобалниот свет", 18-20 мај 2015, Воронеж, Русија, Светите браќа Кирил и Методиј и Брегалничката мисија.
16. Denkova, Jovanka (2015),5 International Scientific Conference "Knowledge-capital of the future", 21-25 May 2015, Bansko, Bulgaria, Challenges of adolescent literature today.
17. Denkova, Jovanka (2015), Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", септември 2015, Штип, Македонија, Семејството и семејните вредности во современата македонска книжевност за деца и млади.
18. Celik, Mahmut and Denkova, Jovanka (2014), International Scientific Conference, Knowledge, 25-28 Nov 2014, Bansko, Bulgaria, Traces of Turkish culture in Macedonian's cultural tradition.
19. Denkova, Jovanka and Celik, Mahmut (2014), 10. Симпозијум са међународним учешћем, Васпитач у 21 веку, 28-29 март 2014, Сокобања, Србија, Дневникот во македонската проза за деца и млади.
20. Celik, Mahmut and Denkova, Jovanka (2014), . In: 10. Симпозијум са међународним учешћем, Васпитач у 21 веку, 28-29 март 2014, Сокобања, Србија, Како настаје прича за децу.
21. Denkova, Jovanka (2014), Vaspitno-obrazovni i sportski horizonti, 13-14 maj 2013, Subotica, Srbija, Фантастиката во расказите од збирката „Марсовци и глувци" на Славко Јаневски.
22. Denkova, Jovanka (2014), Петта меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог: Исток-Запад, 25-26 април 2014, Корпоративен меѓународен славјански универзитет „Г.Р.Державин" - Св.Николе, Македонија, Дневнички записи во македонската книжевност за деца и млади.
23. Denkova, Jovanka (2014), Меѓународна интердисциплинарна научно-стручна конференција „Васпитно-образовни и спортски хоризонти", 9-10 May 2014, Subotica, Serbia, Путопис као књижевни жанр.
24. Celik, Mahmut and Denkova, Jovanka (2014), IX Меѓународна балканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija, Makedonya'da Türkçe Eğitim.
25. Denkova, Jovanka and Celik, Mahmut (2014), IX Меѓународна балканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija, The issue of Identity in the Contemporary Macedonian Literature.
26. **Denkova, Jovanka** (2013), Zmajeve decje igre, June 2013, Novi Sad, Serbia, Расни, социјални, национални, културни,религиозни и родови стереотипи во македонската литература за деца, нивниот социјален контекст и нивната естетска функција.

27. Denkova, Jovanka (2013), Меѓународен дијалог Исток -Запад, Свети Николе, 19-20.4.2013, Sveti Nikole, Народната традиција во македонската книжевност за деца.
28. Celik, Mahmut and Denkova, Jovanka (2013), VIII Симпозијума са међународним учешћем „Васпитач у 21. веку“, 30-31 March 2012, Сокобања, Србија, Естетското доживување во расказите за деца.
29. Denkova, Jovanka (2013), Deveti simpozijum sa megjunarodnim ucescem, Vaspitac u 21 veku, 29-30 March 2013, Aleksinac-Sokobanja, Srbija, На крилјата на сонот.

**Учество на домашни и странски конференции и трудови објавени од нив со нивна евалуација**

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2013) Критичко есеистички преглед радова Шукри Рама. Књижевност зѕ децу и њена улога у васпитању и образовању деце школског узраста. pp. 39-45, Тематски зборник, Учитељски факултет, Врање, Р.Србија, ISSN 978-86-6301-005-5 (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8937)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд авторите даваат критичко-есеистички осврт врз делата на Шукри Рамо. Треба да се нагласи дека Шукри Рамо е писател од првата повоена генерација турски писатели во Р. Македонија, кој во повеќето свои раскази уметничкиот израз свесно го жртвува за сметка на идејноста по секоја цена, водејќи се од крутата мисла дека особено литературата за деца треба да воспитува во духот на братството и единството, што беше доминантна идејна ориентација особено во периодот од првата деценија на повоена Титова Југославија.

Денкова, Јованка (2017) Значењето на вредностите кои се промовираат во сказните за деца. In: XII konferencija Vaspitac u 21 veku, 25-26 March 2016, Aleksinac, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17475)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледуваат зачестеноста и влијанието на сите оние исклучиво позитивни вредности кои се присутни во македонската книжевност за деца. Тоа се бајките кои воспитувачите им ги читаат на децата од предшколска возраст, но тоа се и бајките кои родителите им ги читаат на своите деца. Во сите тие бајки се глорификуваат позитивните човекови особини, понекогаш прикажани и како особини кај животните, како што се скромност, сочувство, благородност, подготвеност да им се помогне на послабите и сл. Овие особини се многу важни за формирање на детската личност, како и за формирање на возрасната личност, затоа што таа еден ден на ист начин ќе ги воспитува идните генерации. А таквиот свет води кон поздраво поколение и иднина.

Денкова, Јованка (2016) Анимализмот како тема во книжевноста за деца. In: Меѓународна научна конференција филологија, култура и образование, 18-19 March 2016, Stip, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16732)

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е да се укаже на карактеристиките на анималистичката литература за деца и да се укаже дека книжевноста и тоа како може да биде начин за хуманизација на детската личност, зашто низ персонифицираните животински ликови, кои ги имаат сите човечки особини, авторите го прикажуваат односот меѓу доброто и злото, меѓу љубовта и омразата, меѓу суровоста и пожртвуваноста, меѓу пријателството и себичноста, меѓу хуманоста и универзалната солидарност.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2016) Детињство у причама за децу Иво Андрића и у причама за децу код турских писаца у Републици Македонији. In: Druga međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjizevnosti i jezika, 8-9 Nov 2014, Travnik. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд станува збор за расказите за деца од Иво Андриќ и расказите за деца од турски писатели во Македонија. Иво Андриќ зазема значајно место во развојот на книжевноста за деца. Во својата најзначајна збирка раскази за деца „Деца“ се чини како тој да се опишува себеси, својата сентименталност, морал и својата хуманост. Дури и во првите детски денови, во неговата душа нема место за кои кои ги злоупотребуваат оние кои се морално слаби и немоќни.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2016) Traumatična iskustva detinjstva u pričama za decu Iva Andrića i u nekim delima iz savremene makedonske književnosti za decu i mlade. In: Druga međunarodna znanstvena konferencija u oblasti knjizevnosti i jezika, 8-9 Nov 2014, Travnik. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16969)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд се прави една паралелна анализа на некои дела од современата книжевност за деца и млади и кратките раскази за деца на Иво Андриќ. Анализата ќе се концентрира на трауматичните искуства во животот на децата и оние што се послаби и понемоќни од нас/нив.

Денкова, Јованка (2016) Review of adolescent literature through comparative analysis of the novels "The blue path of love" by Metodi Manev " and "VoIce of love" by Grozdana Olyjic. In: International scientific conference: Education in XXI century – conditions and perspectives –, 24-25 Sept 2015, Stip, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15960)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд најпрвин се разгледауваат предизвиците со кои денес се соочува адолесцентската литература, најчесто застапените теми и мотиви во неа, нејзината педагошка функција. Во трудот авторот се осврнува и на застапеноста на оваа литература кај македонските автори, по што се задржува на овој бурен период во романите за деца и млади од Гроздана Олујиќ и Методи Манев, проблемите со кои се соочуваат нивните јунаци; се прави споредба две различни семејства од кои потекнуваат јунаците и љубовта која е поставена на прво место како движечка сила меѓу луѓето. За таа цел се елаборирани примери од романите кои ќе помогнат во докажувањето на тезата дека без разлика во какво општество се наоѓаме и на каква општествена класа припаѓаме адолесценцијата е присутна насекаде. Се запознаеме со јунаци кои се наоѓаат во периодот меѓу детството и зрелоста, јунаци кои сакаат да се покажат и докажат, да бидат во центарот на вниманието. Сите тие навремено или со задоцнување поминуваат низ овој бурен период, се соочуваат со промените, при што самите се менуваат и постепено навлегуваат во периодот на зрелоста, т.е., во светот на возрасните.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2016) Социјалниот аспект во творештвото за деца и млади на Јован Стрезовски. In: 11. Симпозијум са међународним учешћем: Васпитач у 21. веку, 27-28 March 2015, Aleksinac, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15367)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува социјалниот аспект во прозното творештво на македонскиот поет, раскажувач и романсиер за деца и млади Јован Стрезовски. Како причина за страдањата на децата и настаните кои ќе им остават трауми од детството се посочуваат сиромаштијата како главна причина, од која произлегува и нечовештината, скржавоста и поделеноста на луѓето, а во одделни негови дела се осудуваат кражбата, нетрпеливоста или непријателството како негативна појава меѓу децата.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2016) Прозното творештво за деца на Реџеп Мурат Бугарич. In: 11. Симпозијум са међународним учешћем: Васпитач у 21. веку, 27-28 March 2015, Aleksinac, Serbia.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува општото творештво на Реџеп Мурат Бугарич. Еден е од ретките писатели на Турската заедница во Република Македонија, кој исклучиво пишува раскази за деца. Познат е и како составувач на антологиски избори, преведувач и учебникар. Меѓутоа, слободно може да се каже дека во неговото творештво расказите за деца заземаат видно место. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15368)

Денкова, Јованка (2016) Кучешкиот поглед на светот (осврт кон анималистичкиот роман „Оскар" од Живко Новевски). In: 9. међународна интердисциплинарна научностручна конференција "Васпитно-образовни и спортски хоризонти", 13-14 May 2016, Subotica, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16135)

**Евалуација на трудот:** Анималноста во детската книжевност е една од почестите теми. Авторите на книгите за деца често ги претставуваат животните како главни ликови преку кои искажуваат одредена поука, носат силна порака кон нешто. Им даваат човечки особини на животните со цел да бидат попривлечни кон младите читатели. Животните во делата ги симболизираат човечките особини како што се: добрината, итрината, лакомоста, глупавоста, себичноста и др. Преку ликовите на животните младите читатели можат да осознаат дека доброто е цел на постоењето, добрината се наградува и секогаш победува. Преку ликовите на животните се прикажува дека не секогаш важи она правило „каде што има сила нема правдина", понекогаш слабите можат да ги победат силните со својата мудрост дека разумот е поголема сила од физичката.

Денкова, Јованка (2016) Компаративна анализа на сказновидното во делото на Гроздана Олујиќ и Славка Манева. In: 10 International Balkan Congress on Education and Science, 17-19 Sept 2015, Ohrid, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/16971)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се прави компаративна книжевна анализа на сказновидното, чудесното во творештвото на Гроздана Олујиќ и Славка Манева. Притоа, како предмет на анализа се земени нивните збирки „Седефна ружа" и „Ѕвездени перничиња". Целта на трудот е да се утврдат допирните точки кои овие сказни ги имаат со сказната како жанр воопшто, а потоа и да се направи споредба меѓу сказните кај двете писателки. При компаративната анализа ќе се задржиме на она по што нивното книжевно творештво се доближува, но и по што се разликува. Својата авторска сказна Гроздана Олујиќ ја поврзува со судбината на поединецот, дадена во еден реален контекст, и пренесувајќи длабоки пораки со што се укажува на повеќеслојноста на сказната, а Славка Манева во поголема мера се потпира на народната сказна.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2015) Сказновидното во творештвото на Славко Јаневски, со посебен осврт на трилогијата за Пупи Паф („Пупи Паф во Шумшул град", „Пупи Паф гледа од вселената", „Пупи Паф господар на соништата". In: Zmajeve decje igre, June 2015, Novi Sad, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13189)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите се осврнуваат кон творештвото за деца на еден од најпознатите македонски писатели за деца Славко Јаневски, со посебен акцент врз неговата трилогија посветена на ликот на Пупи Паф. Во понатамошната анализа авторите се осврнуваат на сказновидните елементи во оваа трилогија, поточно го користи сонот како литературно средство со чијашто помош ги меша кодот на реалното и кодот на фантастичното, моќ да се разбираат мислите на животните и да се разговара со нив телепатски и сл.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2015) Социјалниот контекст во расказите за деца и млади од Есат Бајрам. In: Zmajeve decje igre, June 2015, Novi Sad, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13190)

**Евалуација на трудот:** Делата од детската литература имаат важен придонес кон општествената и културна социјализација на децата. Во овој контекст Есат Бајрам, еден од турските писатели во Македонија, во својата книга „Аливели" со раскази за деца ја проучува детската социјализација и факторите кои влијаат на неа. Како резултат на ова, книгата со раскази за деца „Аливели" на Есат Бајрам, во време на Бившата Југославија, претставува значајно дело со кое писателот направил голем придонес кон развојот на социјализацијата на децата и самиот пристап кон истата.

Денкова, Јованка (2015) The travelogue as a literary genre in the contemporary Macedonian literature. In: International Conference "The Balkans in contemporary travel writing", 19-21 June 2014, Faculty of Philosophy. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13276)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува патописот како книжевен жанр. Истражувањето започнува со разгледување на многубројните дефиниции или обиди за дефинирање на овој жанр, од страна на многубројни теоретичари на книжевноста. Потоа ќе се разгледуваат и многуте типологизации и класификации на овој жанр, како и нивните карактеристики. За да можеме успешно да ги експлицираме теоретско-книжевните постулати на патописот ќе се осврнеме на еден дел од прозното творештво на Томе Момировскии Трајан Петровски.

Денкова, Јованка (2015) Методички пристап кон сказните на браќата Грим во наставата. In: 8. Меѓународна интердисциплинарна научно-стручна конференција - Хоризонти, 8-9 May 2015, Subotica, R.Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14739)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува застапеноста на сказните на браќата Грим во наставата по македонски јазик, во три основни училишта во Штип, Р. Македонија. Разгледаниот корпус на учебници ќе покаже дека многу мал е бројот на сказни од браќата Грим кои се обработуваат во основното образование. Ќе се укаже на методичко-методолошкиот пристап на наставниците на часот кога има интерпретација на сказна од браќата Грим, методите и техниките кои се користат, односно наставните стратегии и сл. На тој начин, уште еднаш ќе се разгледа сказната како книжевен вид кој го развива интелектот на детето и неговата фантазија.

Денкова, Јованка (2015) Светите браќа Кирил и Методиј и Брегалничката мисија. In: Меѓународна научна конференција „Човекот во глобалниот свет", 18-20 May 2015, Воронеж, Русија. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13207)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се осврнуваме на истакнатите византиски мисионери и словенски сепросветители св. Методиј и св. Константин-Кирил Солунски, нивната мисионерска дејност и на нивната Брегалничка мисија.

Денкова, Јованка (2015) Семејството и семејните вредности во современата македонска книжевност за деца и млади. In: Втора меѓународна научна конференција „Општествените промени во глобалниот свет", Sept 2015, Stip, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/14944)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се осврнуваме на современата македонска книжевност за деца и млади, поконкретно на прашањето за семејството и семејните вредности кои се негуваат во истото. Во трудот се задржуваме на дела од македонската книжевност за деца и млади во кои ликовите/протагонистите покажуваат позитивни вредности во релациите со останатите луѓе. Преку ваквите ликови и дела треба да им се помогне на децата и младите да градат релации во согласност со нивните семејни вредности, да им помогнат да го разберат значењето на поддршката во семејството и да препознаат како овие семејни вредности кои треба да се негуваат од најраното детство ќе им помогнат да надвладеат одредени пречки или предизвици со кои ќе се сретнат во понатамошниот живот. За таа цел, се разгледуваат текстови во кои експлицитно се третираат теми од современиот живот и современото живеење, како развод на родители, посвојувања, пороците на денешницата, конфликти во семејството, смрт во семејството, периодот на адолесценцијата, улогата на постарите (родителите, бабите и дедовците) при негување на овие вредности и сл.

Денкова, Јованка (2015) Споменици на исламската култура и цивилизација во Штип. In: Четврти меѓународен конгрес „Исламска цивилизација на Балканот", 13-17 Oct 2010, Skopje, Macedonia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/17283)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави осврт кон културното и цивилизациското исламско наследство на територијата на градот Штип. Тука во прв ред се мисли на безистенот, градската саат кула, како и Хуса Медин Пашината џамија, која меѓу христијанското население е позната како црква „Св. Илија". Авторот на трудот ќе се осврне на историските податоци поврзани со овие драгоцени културни споменици, општествено-економските и други услови при нивното создавање, нивните специфики и она што ги одделува од останатите градби од овој период, нивната сегашна состојба, начините на нивна презервација и реставрација, односно проектите и активностите кои се преземаат за таа цел. Ваквите градби се своевиден споменик на исламската култура и цивилизација на Балканот, но истовремено се и споменик на соживотот на овие простори. Тие се сведоштва за мултикултурната коегзистенција во овој регион и во тој контекст би ја посочиле Хуса Медин Пашината џамија, која христијаните сè уште ја почитуваат и посетуваат на празникот Св. Илија. Особено силна е вербата на македонските жени желни за пород во моќите на овој древен споменик.

Денкова, Јованка (2015) Na granici između jave i sna. In: Znanstveni skup Međimurski filološki dani 2, 26 Apr 2013, Cakovec, Croatia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/15391)

**Евалуација на трудот:** Овој труд го разгледува прашањето за онеиричката фантастика или фантастиката на подрачје на сонот. Фантастичните авантури на главниот јунак настанати на подрачјето на сонот, најчесто се како резултат на социјалниот аспект, т.е. желбата на ликот за поубав живот. Но, соочувајќи го главниот јунак со реални ликови, авторот го воведува и мотивот на трудот во делото и со тоа уште еднаш ја потврдува својата намера да не ги напушта младите читатели да бидат занесени од сказновидното, волшебното, чудесното и постојано да ги враќа во реалноста.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2014) Патеписите како книжевен жанр низ творештвото за деца на Видое Подгорец. In: Zlatni danci 16-150 godina od rodjenja Jagode Truhelke, 11 Apr 2014, Osijek, R.Hrvatska. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11830)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд се разгледува патописот како книжевен жанр. Истражувањето започнува со разгледување на многубројните дефиниции или обиди за дефинирање на овој жанр, од страна на многубројни теоретичари на книжевноста. Потоа се разгледуваат и многуте типологизации и класификации на овој жанр, како и нивните карактеристики. Исто така, се разгледува и прашањето дали во

македонската книжевност за деца има патопис во чисто книжевна форма или присутни се само патописни епизоди во книжевните дела, конкретно низ три дела од Видое Подгорец.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2014) Творештвото на Фахри Каја. In: Knjizevnost u nastavi i nauci, 11-12 April 2014, Fakultet pedagoskih nauka univerziteta u Kragujevcu-Jagodina, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11840)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд авторите зборуваат за писателот Фахри Каја како антологичар, преведувач и автор на книги. Слободно може да се каже дека во неговото творештво посебно место заземаат расказите за деца, а поретко се јавува како поет. Неговите раскази за деца имаат основа во секојдневниот живот како учител. Акцијата во расказот се случува во училишна средина и во домот, скоро сите јунаци се деца. Авторот го следи детето меѓу домот и училиштето. Во расказите за деца преовладуваат совети, т.е.дидактичката функција е на прво место.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2014) Основоположници на турската детска литература во Република Македонија. In: Zlatni danci 16, 11 Apr 2014, Osijek, R.Hrvatska. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11831)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд даваме краток преглед на основоположниците на турската литература во Република Македонија во својот развој до денес. Турската литература во Република Македонија бележи три основни периоди: 1. Турска литература во Македонија во текот на османлиското владеење (од крајот на 14 век до октомври 1912 година). 2. Турска литература во Македонија од 1912 до декември 1944 година. 3. Турска литература во Република Македонија од декември 1944 година до денес. Што се однесува до нашава тема, не постојат истражувања околу тоа дали постоеле и кои биле првите турски раскажувачи за деца во периодот на османлиското владеење. Притоа слични истражувања сè уште не постојат ни за евентуалното творештво на раскази за деца ни во периодот на Балканските војни (1912-1913) до декември 1944 година, иако се претпоставува дека постоеле извесни обиди за пишување раскази за деца на турски јазик во истите периоди.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2014) Assessment and grading system of elementary school instruction in Turkish language in Republic of Macedonia. In: Меѓународна научна конференција „Методички дани“ 2014, 25 Oct 2014, Kikinda, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13287)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд авторите се осврнуваат на оценувањето и системот на оценување во основните училишта во Македонија, конкретно оценувањето по турски јазик. Тој систем содржи различни типови и инструменти на оценување.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2014) Autobiographical discourse in modern Macedonian literature for children and youth. In: The third internatonal scientific conference Methodical days 2014, 25 Oct 2014, Kikinda, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13286)

**Евалуација на трудот:** Овој труд го истражува прашањето на автобиографскиот дискурс во современата македонска книжевност за деца и млади. За таа цел ќе се работи врз текстот на романите „Детството на Мисирков“ одКата Мисиркова-Руменова и „Приказни од Саракиново“ од Пени Трпковски. Се разбира, овде можат да се вклучат и други дела, но останува фактот дека ваквиот тип на нарација не е многу застапен во современата македонска проза за деца и млади. Најпрвин, се одредуваат основните теориски поставки според кои за некој текст може да се каже дека е автобиографски или дека поседува автобиографски елементи. Потоа, се разгледува различниот пристап на писателите кон она што треба да претставува „автобиографски текст”, а потоа конкретно се укажува на присуството на експлицитните и имплицитните автобиографски/фикционални техники или елементи во одредени дела.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2014) Дневникот во македонската проза за деца и млади. In: 10. Симпозијум са међународним учешћем, Васпитач у 21 веку, 28-29 March 2014, Sokobanja, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12990)

**Евалуација на трудот:** Овој труд го истражува прашањето на дневничката проза во современата македонска книжевност за деца и млади. За таа цел, се работи врз текстот на романите „Заборавениот колосек“ од Глигор Поповски, „Дневникот на Ања“ од Димитар Башевски. Се разбира, овде можат да се вклучат и други дела, но останува фактот дека

ваквиот тип на нарација не е многу застапен во современата македонска проза за деца и млади.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2014) Како настаје прича за децу. In: 10. Симпозијум са међународним учешћем, Васпитач у 21 веку, 28-29 March 2014, Sokobanja, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12991)

**Евалуација на трудот:** За расказот, како жанр во литературата за деца, се вели дека главно опфаќа мал број јунаци, најчесто двајца, а раскажаната содржина треба да е исполнета со интересни детали. Настанот може да е доживеан или веродостоен за доживување, но задолжително треба да е интересен за да го задржи детското внимание. Инаку, расказот може да се раскаже усно или да биде напишан. Во овој коавторски труд, авторите се осврнуваат кон неколку сегменти од процесот на создавање на расказот за деца, неговата карактеристична структура и сл.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2014) Ликот на роботот во македонската научнофантастична литература за деца. In: Međunarodni znanstveni skup Zlatni danci 14 – Suvremena dječja književnost 2, 13 April 2012, Osijek. Hrvatska. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/1654)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се разгледува прашањето за ликот на роботот во современата македонска книжевност за деца и млади. Тоа се прави преку неколку аспекти и притоа се разгледува улогата на роботот во животот на луѓето како помошник, другар, пријател во учењето, но и првата пројава на недоверба кон роботите изразена како сомнеж во нивните емоционални реакции во случај на ненадејна опасност по животот на луѓето, за, на крај, да се изрази отворена нетрпеливост кон роботите, кои постепено, но сигурно, сакаат да ја преземат улогата на својот создател - Човекот.

Денкова, Јованка (2014) Боите на детскиот свет низ поезијата за деца. In: Zlatni danci 15, Osijek. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6372)

**Евалуација на трудот:** Авторката на овој труд се осврнува врз македонската поезија за деца. Преку три репрезентативни збирки поезија за деца, авторката покажува дека нејзина особена вредност е изобилството од хуморни и хедонистичко - оптимистички тонови со кои се проткаени песните. Тој хедонизам е вткаен во љубовта кон животните, односот кон играчките, грижата за старата болна баба, фантазирањата, сонувањата, игрите со другарчињата во градинката, слогата меѓу двете сестрички итн. Таквиот однос на децата кон животните појави има општочовечки карактер и убаво кореспондира со сензибилитетот на современото дете, но нема да погрешиме ако кажеме дека таквата поезија има вонвременски карактер, зашто во неа ќе се пронајдат и современите деца, но и децата кои сè уште живеат и ќе живеат и во нас, возрасните.

Денкова, Јованка (2014) Фантастиката во расказите од збирката „Марсовци и глувци" на Славко Јаневски. In: Vaspitno-obrazovni i sportski horizonti, 13-14 May 2013, Subotica, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6379)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се прави осврт кон фантастиката во расказите од збирката „Марсовци и глувци" од познатиот македонски писател за деца Славко Јаневски. Карактеристичноста на неговата фантастика се состои во преплетување на реалното и вообразеното, во потенцирањето на некои особини кај предметите или појавите заради што тие делуваат смешно, па и гротескно, или во антропоморфно поетско прикажување на светот на животните.

Денкова, Јованка (2014) Дневнички записи во македонската книжевност за деца и млади. In: Петта меѓународна научна конференција, Меѓународен дијалог: Исток-Запад, 25-26 април 2014, Корпоративен меѓународен славјански универзитет „Г.Р.Државин" - Св.Николе, Македонија. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11226)

**Евалуација на трудот:** Овој труд го истражува прашањето на дневничките записи во современата македонска книжевност за деца и млади. За таа цел, ќе се работи врз текстот на романите „Втората смена" од Велко Неделковски и „Девојките на Марко" од Оливера Николова. Се разбира, овде можат да се вклучат и други дела, но останува фактот дека ваквиот тип на нарација не е многу застапен во современата македонска проза за деца и млади.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2014) Романите на Горјан Петревски посветени на младешките возбуди и дилеми. In: Knjizevnost za decu u nastavi i nauci, 11-12 April 2014, Fakultet pedagoskih nauka univerziteta u Kragujevcu-Jagodina, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11839)

**Евалуација на трудот:** Во трудот се разгледуваат некои од најчитаните романи на најпознатиот македонски писател за деца, а особено за млади - Горјан Петревски. Она што го издвојува неговото творештво од творештвото на останатите современи македонски автори за млади е неговата преокупираност со животот на младите, адолесцентите. Овде се опфатени неколку романи од споменатиот автор, кои зборуваат за животот на младите во урбаните средини, се внурнуваат во психолошките лавиринти на адолесцентите и сето тоа преку еден современ дијалог, обоен со младешки жаргон, чиј хумор доминира над драматичните дилеми и порази со својата младешка виталност.

Денкова, Јованка (2014) Путопис као књижевни жанр. In: Међународна интердисциплинарна научно-стручна конференција „Васпитно-образовни и спортски хоризонти", 9-10 May 2014, Subotica, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/13145)

**Евалуација на трудот:** Овој труд го разгледува патописот како книжевен жанр. Истражувањето започнува со разгледување на многубројните дефиниции или обидите да се дефинира овој жанр, од страна на многубројни теоретичари на книжевноста. Потоа, се разгледуваат и многуте типологизации и класификации на овој жанр, како и нивните карактеристики. На крај, се укажува на значењето кое патописот го има за патникот.

Денкова, Јованка (2014) About one segment of the Macedonian folklore fantasy literature for children and youth. In: Naucno-strucna konferencija "Metodicki dani" - Kompetencije vaspitaca za drustvo znanja, 25 May 2013, Kikinda. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9590)

**Евалуација на трудот**: Овој труд ја истражува темата на вештерките во македонската книжевност за деца и млади. Ова е постигнато преку репрезентативни примери од народнатаи уметничката книжевност. Темата на вештерките е тема која доаѓа од фолклорот, од каде што се преселила во сферата на натприродното. Оваа тема се наоѓа и во книжевноста за возрасни, посебно во фантастичната книжевност, но ефектот кој таа го предизвикува во книжевноста за деца и млади е сосема поинаков. Таму оваа тема не предизвикува страв, очај и безнадежност, туку е само едно пријатно изненадување и чудо.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2014) Makedonya'da Türkçe Eğitim. In: IX Меѓународна балканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12987)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд авторите се осврнуваат на почетоците на образованието на турски јазик во Р.Македонија. Авторите зафаќаат еден широк временски период, почнувајќи од времето на османлиското владеење на овие простори, па сè до денешницата, и отворањето на Катедрата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет на УГД - Штип.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2014) The issue of Identity in the Contemporary Macedonian Lliterature. In: IX Меѓународна балканска конференција за образование и наука под наслов „Мултикултурализмот и иновативните пристапи во образованието", 16-18 Oct 2014, Edrene, Turcija. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/12986)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторот се осврнува на прашањето на идентитетот во современата македонска книжевност. Ова прашање се разгледува од неколку аспекти: потрагата на човекот/ликот по неговите корени, внурнувањето во минатото на неговите предци, очајничката потреба на ликот да ги сочува вредностите кои се во неговата генетска структура, традицијата, желбата на ликот да се потврди себеси како основа на своето постоење, ерозијата во идентитетот итн.

Денкова, Јованка (2013) Расни, социјални, национални, културни, религиозни и родови стереотипи во македонската литература за деца, нивниот социјален контекст и нивната естетска функција. In: Zmajeve decje igre, June 2013, Novi Sad, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6380)

**Евалуација на трудот:** При прочитот на одреден квантум дела од современата македонска литература за млади станува евидентно дека во неа се застапени дела наменети

за децата од помала возраст, но и дела наменети за младите адоленценти. Ако подетално се анализира ситуацијата ќе се забележи дека додека во првите сè е подредено на пристојното и убаво изразување, во делата наменети за младите адоленценти се забележува одреден корпус на зборови со погрдно значење, кои за жал сè почесто се среќаваат во секојдневниот говор на нашата младина. Се разбира, ова не може да се припише на присуството на зборовите со погрдно значење во литературата, туку напротив, на фактот што јазикот и литературата верно ги следат промените во општественото живеење. Согласно со тоа, сите разгледани романи во кои беа евидентирани вакви зборови можат да се оквалификуваат како романи од реалистичен тип, во кои авторите се свртуваат кон животот на младите во современите, бурни услови на живеење. Во такви услови младите се служат со зборови кои можат да се слушнат на улицата, со жаргонизми, сленгови, погрдни зборови, пцости, клетви и сл.

Денкова, Јованка (2013) Народната традиција во македонската книжевност за деца. In: Меѓународен дијалог Исток - Запад, Свети Николе, 19-20.04.2013, Sveti Nikole. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8933)

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторот се осврнува на еден дел од фолклорната фантастика во кој има елементи од магиското и окултното. Поголемиот број теоретичари на литературата се согласуваат со тврдењето дека корените на фантастиката во македонската литература „лежат" во два извора, односно на појавата на фантастиката од една страна влијаат писателите на фантастиката од западноевропската и светската литература, а од друга страна народното творештво и тоа сказната и преданието како посебни жанрови. Овие два фолклорни облика се сметаат за архетипови на книжевноста на имагинарното.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2013) Особености на расказите за деца од првата повоена генерација турски писатели во Република Македонија. In: Međunarodni znanstveni skup Zlatni danci 14 – Suvremena dječja književnost 2, 12-13 Apr 2012, Osijek, Hrvatska. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/1646)

**Евалуација на трудот:** Во оваа студија даваме осврт на расказите за деца на првата повоена генерација турски писатели во Р. Македонија, ги анализираме нивните основни карактеристики и причините што влијаеле на изборот на нивните теми. Творештвото на првата повоена генерација на турски писатели во Македонија се одвиваше во услови на повоената изградба на земјата кога општо земено се веруваше во социјализмот, а тоа се одрази и на содржината на расказите за деца. Творештвото во тој период беше отежнато поради немање на претходни примери, отсуство на богата светска, југословенска и турска детска литература во Македонија, како и немање на контакти со Р. Турција.

Денкова, Јованка (2013) На крилјата на сонот. In: Deveti simpozijum sa megjunarodnim ucescem, Vaspitac u 21 veku, 29-30 March 2013, Aleksinac-Sokobanja, Srbija. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/6377)

**Евалуација на трудот:** Овој труд го испитува прашањето на ониричката фантастика или фантастичните авантури на главниот јунак кои се јавуваат на ниво на сонот.

**Денкова, Јованка**, Челик, Махмут (2013) Митолошките елементи во македонската научнофантастична книжевност за деца и млади. In: Научни скуп Књижевност за децу и њена улога у васпитању, 23 Nov 2012, Vranje, Serbia. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8934)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд авторите се осврнуваат на присуството на митолошки елементи во македонската современа научнофантастична книжевност за деца и млади. На прво место, овде се спомнуваат: когнитивниот елемент, грижата за колективната судбина на племето или заедницата, потоа „техничкиот утилитаризам", или средствата кои ги користи јунакот за да се олесни неговиот потфат, вештините кои Земјаните ги стекнуваат од вонземјаните (телепатија, левитација, невидливост) и др.

Челик, Махмут, **Денкова, Јованка** (2013) Критичко-есеистички осврт врз делата на Шукри Рамо. In: Конференција: Књижевност за децу и њена улога у васпитању и образовању деце школског узраста, 23 Nov 2012, Врање, Србија. (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8937)

**Евалуација на трудот:** Во овој коавторски труд се дава критичко-есеистички осврт врз делата на Шукри Рамо. Треба да се нагласи дека Шукри Рамо е писател од првата

повоена генерација турски писатели во Р.Македонија, кој во повеќето свои раскази уметничкиот израз свесно го жртвува за сметка на идејноста по секоја цена, водејќи се од крутата мисла дека особено литературата за деца, треба да воспитува во духот на братството и единството, што беше доминантна идејна ориентација особено во периодот од првата деценија на повоена Титова Југославија.

Исто така, кандидатката учествувала во оспособувањето на помлади соработници – демонстратори на Филолошкиот факултет, УГД-Штип, несебично помагајќи им и пренесувајќи ги своето знаења и искуство.

**Кандидатката д-р Јованка Денкова била член на рецензентски комисија за избор во звање, како и рецензент за издавање на е-скрипти, практикуми и учебници:**

1. Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област македонистика на Филолошкиот факултет, Штип (Одлука бр. 2403-147/13, од 16.10.2013 год., од 94. седница на ННС на Филолошкиот факултет - Штип).
2. Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во наставно-стручно звање лектор за наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет, Штип (Одлука бр. 2402-58/12 од 19.2.2014 год., 100. седница на ННС на Филолошки факултет).
3. Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област туркологија на Филолошкиот факултет, Штип (Одлука бр. 2403-147/13, од 16.10.2013 год., од 94. седница на ННС на Филолошкиот факултет-Штип).
4. Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет, Штип (Одлука бр. 2402-142/4, од 9.9.2014 год., од 109. седница на ННС на Филолошкиот факултет-Штип).
5. Член на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област романистика и историја на книжевноста на романските народи на Филолошкиот факултет, Штип (Одлука бр. 1902-64/8, од 4.3.2015 год., од 119. седница на ННС на Филолошкиот факултет-Штип).
6. Рецензент за издавање е-скрипта со наслов „Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот" од д-р Ева Ѓоргиевска и м-р Јована Караниќиќ (Одлука бр. 2402-170/7 од 5.11.2014 год., 112. седница на ННС на Филолошки факултет).
7. Рецензент за издавање е-практикум со наслов „Италијанската книжевност на барокот, просветителството и неокласицизмот" од д-р Ева Ѓоргиевска и м-р Јована Караниќиќ (Одлука бр. 2402-170/6 од 5.11.2014 год., 112. седница на ННС на Филолошки факултет).
8. Рецензент за издавање е-учебник со наслов „Хрватска книжевност" од Луси Караниколова-Чочоровска (Одлука бр. 1902-44/16 од 4.2.2015 год., 117. седница на ННС на Филолошки факултет).
9. Рецензент за издавање е-практикум со наслов „Практикум по хрватска книжевност" од Луси Караниколова-Чочоровска (Одлука бр. 1902-44/16 од 4.2.2015 год., 117. седница на ННС на Филолошки факултет).
10. Рецензент за издавање на електронска рецензирана скрипта под наслов „Прилози за јужнословенските литератури" од Луси Караниколова-Чочоровска (Одлука бр. 2402-186/3 од 24.12.2013 год., од 98. седница на Филолошкиот факултет, Штип).
11. Рецензент за издавање е-практикум со наслов „Турска книжевност за деца" од Махмут Челик (Одлука бр. 2402-129/9 од 18. 8.2014 год., 108. седница на ННС на Филолошки факултет).
12. Рецензент за издавање е-скрипта со наслов „Турска книжевност за деца" од Махмут Челик (Одлука бр. 2402-129/8 од 18.8.2014 год., 108. седница на ННС на Филолошки факултет).

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

**Учество на проекти**

1.1. **Јованка Денкова**, Марија Леонтиќ, Гоце Цветановски, Христина Андоновска (2017) **Јазикот, културата и фолклорот на македонските иселеници во Р.Турција** (раководител на проект, проект на УГД), со Одлука на Универзитетски сенат бр.0201-545/9 од 29.5.2017).

Проектот има поставено неколку задачи од кои се очекуваат следниве резултати: собраниот јазичен материјал ќе даде јасна слика за состојбата на Македонците, иселеници во Република Турција; собраниот материјал од обласата на фолкоротот и обичите на македонските иселеници во Република Турција ќе ги покаже нераскинливите врски со матичната држава како колективан меморија заедничка и за иселениците, но и за жителите во Република Македонија; изработка на монографски описи за јазикот, фолклорот, етнографијата и социолингвистичките пројави на теренот во Република Македонија и Република Турција; како и збогатување на лексичкиот фонд за дијалектниот речник и речникот на архаизми на полето на јазикот и на фолклорот.

1.2. **Ментор –** (учесник во проект на УГД - Штип, во соработка со ПСД ДОО Љубљана, во траење од две години**,** со можност за продолжување) (Одлука бр. 1902-68/18 од 1.4.2016 год.)

Предмет на истражување и на практична работа на проектот „Ментор“ се следниве теми: преведување, процеси на преведување, стандарди EN/ISO, имплементација на EN/ISO во софтверите на ПСД, ТРАДОС, како и проектно водење и обезбедување на квалитет. Целите на проектот се: пренос на знаења/информации на студентите од Филолошкиот факултет (студенти- германисти и англисти); преведување и инволвирање на студентите во преведувачките проекти од Македонија и пошироко, обезбедување на пракса во ПСД за студентите-германисти од групата Преведување и толкување, обезбедување обука на наставничкиот кадар за имплементација на софтверските помагала за преведување (ТРАДОС и сл.). Целта е мобилизирање на студентите со напреднати достигнувања за време на студирањето, можност за нивна дополнителна обука под менторство на искусни преведувачи, како и можност за нивно вработување во ПСД.

Цветановски, Гоце, Гајдова, Убавка, Давкова-Георгиева, Еленка, Стоевска-Денчова и **Денкова, Јованка** (2014), монографијата **Банскиот говор*,*** како резултат од истоимениот проект**,** проект од национален интерес, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков”, Скопје (http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/11241)

Проектот „Банскиот говор“ е дел од еден поголем проект „Македонските дијалекти надвор од границите на Република Македонија“, проект од национален интерес. Проектот имаше двојна цел: собирање теренски материјал од избраните пунктови и изработка на монографска студија за овој говор, која беше објавена во 2014 година, како издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ - Скопје.

**Поважни изборни и други функции и членство**

- Од 6.12.2012 г. е назначена за в.д. декан на Филолошкиот факултет.
- Од јуни 2013 г. ги извршува своите работни обврски како фекан (Одлука од ректор бр.0803-582/1 од 21.5.2013 г.).
- Комисија за наставни прашања на ниво на УГД (Одлука на Ректорска управа бр.0701-1049/27 од 3.10.2013 г.).
- Член/претседател на ННС на Филолошки факултет.
- Член на дисциплинска комисија на Филолошки факултет.
- Член на уредувачки одбор на Годишен зборник на Филолошки факултет.
- Член на комисии за комисиско полагање на испити.
- Член на комисии за одбрана на дипломски трудови.
- Член на комисии за одбрана на магистерски трудови.
- Член на Институт за јазици при Филолошкиот факултет во Штип.
- Комисија за проверка на постојните учебници од македонски автори кои се користат на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Одлука бр. 2402-167/26 од 28.10.2014 год.).

- Член на Комисија за изработка на спецификации при спроведување на постапка за јавни набавки.
- Член на Комисија за интервју на кандидати пријавени на јавен конкурс (Одлука бр. 2402-174/24 од 4.12.2014 год.).
- Претставник на Влада на РМ во Институт за македонски јазик-Скопје (Решение бр.24-1321/1 од 31.1.2014 год.).
- Член на Комисија за проверка на знаења по македонски јазик за странски студенти на УГД (Одлука бр.0202-362/19 од 19.3 2015 год.);
- Член на Наставно-научен совет на докторски студии на Кампус 4.

**Сите објавени трудови и активности од НИ и САОР на кандидатката проф. д-р Јованка Денкова до изборот во вонреден професор се евалуирани и бодирани при изборот во вонреден професор.**

По грижливата анализа на доставениот материјал, Рецензентската комисија констатира дека д-р Јованка Денкова ги исполнува критериумите за избор во звањето редовен професор. Со наставната дејност на првиот, вториот и третиот циклус студии, д-р Денкова ги потврдува своите наставнички компетенции. Со своите научни достигнувања и трудови од областа на книжевноста за деца и млади, д-р Денкова дава значаен придонес во развојот на македонската научна мисла за книжевноста за деца и млади, а достојни за признание се и нејзините стручно-апликативни достигнувања. Пред сè, со своите научни трудови и стручно-научни и наставнички компетенции таа станала своевиден амбасадор на научната мисла посветена на книжевноста за деца, како македонска, така и светска, во Р.Македонија и пошироко.

Исполнувајќи ја својата обврска да предложи кандидат за избор во звањето редовен професор, Рецензентската комисија му го доставува на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип следниов

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Кандидатката д-р Јованка Денкова по изборот за вонреден професор на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип има покажано голема активност во полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ), како и стручно-апликативната и организациско-развојната (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа далеку го надминува потребниот квантум за да биде избрана во наставно-научно звање *редовен професор*.

Имено, како што може да се види од предочените факти погоре, проф. д-р Јованка Денкова има 18-годишно наставно искуство, од кои седум години во средното образование, а скоро десет години во високото образование и работи на Катедрата за македонски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет во Штип. Во периодот меѓу двата избора има објавено два универзитетски учебника, една научна книга, една монографија; учество и раководење со проект, како и бројни трудови во меѓународни, странски и во домашни научни списанија и публикации. Кон тоа треба да се приложи и активното учество на кандидатот на меѓународни научни конференции.

Сето тоа покажува дека кандидатката проф. д-р Јованка Денкова постигнува завидни резултати во изборниот период од 2013 година до денес во трите клучни области и дејности: НО, НИ и САОР, со што се афирмира како истакнат работник во својата професија.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката проф. д-р Јованка Денкова во целост ги исполнува законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања од наставно-научната област книжевност за деца.

Имајќи ги предвид предочените факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство едногласно да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои нашиот предлог и Предлог-одлуката да ја достави до Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **за кандидатката проф. д-р Јованка Денкова да биде избрана за наставник во звање редовен професор за** наставно-научната област **книжевност за деца на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Блаже Китанов, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јордан Стојаноски, член, с.р.**
**Проф. д-р Васил Тоциновски, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДИРААТ ПРИ ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ОД ОБЛАСТА НА ФИЛОЛОГИЈАТА ПО ПРВ ПАТ ЗА ПЕРИОДОТ 2013-2017 ЗА ПРОФ. Д-Р ЈОВАНКА ДЕНКОВА**

| Ред. бр. | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Избор во звање вонреден професор | 40 |
| | Вкупно поени од НО дејност | 40 |

| Ред. бр. | НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Монографија или научна книга (Активност бр. 4 и 3) | 20 | |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (Активност од бр. 5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17, 18,19, 20,21,22,23, 24,25, 26,27,28,29,30,31,32,33,34,35, 36) | 96 | |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (во земјава - активност бр.40,41, 43, 44, 45, 49, 52, 55, 59, 65, 66, 78,85; во странство – 39, 50, 51, 53, 54, 55, 56, 57,58, 62, 63, 64, 67, 68, 69, 70, 71, 72, 73, 74, 75, 76, 77, 79, 80, 81, 82, 83, 86, 87, 88, 89) | 26 | 39 |
| 4 | Учество на научен собир со реферат (усно), во земјава и во странство (во земјава- активност бр.1,2,3,4,5,6,7,11,17,22,27; во странство- активност бр. 8,9,10,12,13,14,15,16,17,19,20,21,23,24,25,26,28,29.) | 11x1.5= 16.5 | 18x2=36 |
| 5 | Раководител на научен проект (1) | 4 | |
| 6 | Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) | 3 | |
| 7 | Член на рецензентска комисија за избор во звање (5x1) и член на рецензентска комисија за издавање на е-скрипти/е-учебници (7x1) | 12 | |
| | Вкупно поени од НИ дејност | 252,5 | |

| Ред. бр. | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| 1 | Труд во стручно (научно-популарно) списание (Активност бр.37,38, 42, 46, 47, 48, 60, 61, 84/9x6=54) | | 54 |
| 2 | Учесник во научен проект (максимум во три проекти, 2x5) | 10 | |
| 3 | Декан | 12 | |
| 4 | Член на универзитетски или владини тела (2x5) | 10 | |
| 5 | Член на факултетски орган, комисија (11x2) | 22 | |
| | Вкупно поени од САОР дејност | 108 | |
| | **ВКУПНО ПОЕНИ ОД НО+НИ+САОР ДЕЈНОСТ** | 400,5 | |